Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 254/0306
05.06.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Кабинетот на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија против Интернет - порталот „Скопје24“, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 мај 2019 година, Кабинетот на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, поднесе жалба за текстот со наслов „Димитров во јуни „си бега“ од земјата на која ѝ го смени името“, објавен на 8 мај 2019 година, на Интернет - порталот „Скопје24“ (www.skopje24.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Од Кабинетот на министерот Димитров потенцираат дека посочениот текст се осврнува и на семејните прилики на министерот, ставајќи ги во контекст и во служба на објавените невистини.

*„Во текстот се посочени и инволвирани и други лица вршители на функции, исто така во служба на објавените невистини. Притоа, текстот ги прекршува основните новинарски начела за одбрана на човековите права, достоинството и слободата, почитувањето на плурализамот на идеите и ставовите“*, се вели во поднесената претставка.

Кабинетот на министерот за надворешни работи, меѓу другото, наведува дека подобрувањето на состојбите во сферата на медиумските слободи, справувањето со феноменот на лажни вести и справувањето со говорот на омраза, претставуваат суштински заложби и се во фокусот на работата на Министерството.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со Интернет - порталот „Скопје24“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори дека се извинува за пренесената информација, образложувајќи дека нивен новинар ненамерно ја презел веста од останатите портали. Во тој контекст, од „Скопје24“ изразија подготвеност да учествуваат во покренатиот процес на медијација, односно помирување меѓу страните, на начин што прифати, како медиум, да го исполни барањето на жалителот, односно да објават демант, извинување до министерот Димитров и да ја повлечат спорната содржина:

*„***Нашиот веб - портал „Скопје24“ веднаш го објави демантот за истата, додека првичната дезинформација е избришана во целост од нашиот сајт и Фејсбук профил. Се извинуваме за непријатностите и се надеваме на разбирање“,*** наведоа од Интернет - порталот, кои во прилог на одговорот на жалбата го доставија и нивното извинување до министерот Димитров, што го објавиле два дена по објавувањето на оспорениот текст.

*„***Длабоко се извинуваме за пренесување на оваа неточна информација, доведувањето во заблуда на читателите и нарушувањето на угледот на Димитров. Оваа информација ги прекршува правилата за точно известување, застапување на втората страна и е воедно навредлива“***, се вели, меѓу другото, во извинувањето на „Скопје24“ до министерот за надворешни работи, Никола Димитров.

Комисијата за жалби истакна дека позитивно решениот случај на медијација треба да служи како пример за решавање слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

**Забелешка:** Во однос на повлекувањето на спорната содржина од страна на Интернет - порталот „Скопје24“, иако тоа придонесе за помирување меѓу страните, Комисијата за жалби, сепак, цени дека тоа е лоша практика. Ова од причина што таквите случаи може да ги доведат во заблуда читателите, кога во дадена ситуација медиумот објавил демант за содржина која што во меѓувреме ја отстранил. Според членот 3 од Кодексот, генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на Интернет, а доколку тој се измени или тргне, тоа мора да биде јасно назначено.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Скопје24“ (www.skopje24.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595